**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**ООУ „Д-Р. ТРИФУН ПАНОВСКИ“ БИТОЛА**

**за период од 2024 до 2028 година**



Септември , 2024

**Преамбула**

Развојната програма за работа на основното училиште е документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритететните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следењето и евалуацијата на Развојната програма за работа на основното училиште во периодот од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето. Развојната програма на ООУ „Д-р. Трифун Пановски“ Битола за перодот од 2024 до 2028 е изработена врз основа на Законот за основно образование (член 1 и 2); Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште Бр. 08-3714/3 од 29.05.2024 година; Водич за подготвување, реализација и следење на развојната програма на училиштето; Самоевалвацијата на училиштето за периодот од 2022 до 2024, Статутот на училиштето.

| **Развојна програма на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | Д-р. Трифун Пановски |
| Адреса | Охридска 50 |
| Телефон, е-пошта | trifunpanovski@yahoo.com |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | 2024-2028 |
| Број на ученици во училиштето | 306 |
| Број на подрачни училишта | 3 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Лилјана Николовска |
| Потпис | |

| | |
|---|---|
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Елизабета Димеска |
| Потпис | |
| Датум | |

**Содржина**

1. **Податоци за основното училиште**
1.1. Идентификациски податоци за училиштето
1.2. Историјат на основното училиште

2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

3. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ-анализа)**

4. **Мисија и визија на основното училиште**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

1. **Податоци за основното училиште**

**1.1. Идентификациски податоци за основното училиште**

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Д-р. Трифун Пановски“ |
| Адреса | Охридска 50 |
| Телефон | |
| Место, општина | Битола, Битола |
| Веб-страница | Trifunpanovskibitola.wodpress.com |
| Е-пошта | trifunpanovski@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 9 мај |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 1420,98 $м^2$ |
| Училишен двор (m2) | 3088 $м^2$ |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | ПУ с. Трново, ПУ с. Братиндол, ПУ с. Дихово |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | 400 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 306 |
| Број на паралелки | 22 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Нема паралелки за ученици со посебни потреби |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | две |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | нема |
| Во основното училиште има ресурсен центар | нема |
| | |

| | |
|---|---|
| Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште | |

**1.2. Историјат на основното училиште**

Нашето училиште ООУ „Д-р. Трифун Пановски“ Битола е едно од најстарите училишта во градот, основано е во 1936 година, училиште со богата традиција, сместено во централното градско подрачје меѓу улиците „Бул. 1ви Мај“ и „ Охридска“. Низ нашите клупи поминале многу истакнати личности како ученици, но и како наставници. Училишната зграда има нов и стар дел, стариот дел е изграден во 1932 година, новиот е изграден во 1956.Покрај централното училиште имаме и три подрачни училишта во с. Трново, с. Братиндол и с. Дихово каде се изведува настава во комбинирани паралелки до петто одделение на македонски јазик. Верификацијата на училиштето е добиена од Скретаријатот за општествени дејности Битола, со број на верификација 13-2140 од 1986 година. Нашето училиште негува мултикултурни вредности, хармонични меѓучовечки односи, нашето училиште се стреми да биде инклузивна средина, место во кое се грижиме едни за други, за нашиот град, татковината и природата. Нашето училиште го поттикнува позитивниот натпреварувачкиот дух кај учениците, за што сведочат многуте државни, регионални и општински награди за учениците на натпреварите од областа на науката, културата и спортот.

1. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализи рана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Унапредувањ е и подобрување на квалитетот на планирањата на** | 1.1Преку формалните органи на училиштето да се прибираат и разгледуваат мислења за наставните планови и програми и организирање на воннаствaните активности од страна на Ученичкиот парламент, истите да бидат во тек со потребите и барањата на модерното општество, но и да влијаат на развивањето на самодовербата, иницијативноста , одговорноста, почитувањето на различностите и јакнење на свеста на учениците за | | √ | | Ограничени можности на училиштето да понуди воннаставни активности кои бараат финансиски и материјални средства или услови кои училиштето не е во можност да ги обезбеди. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | припадност кон татковината. | | | | |
| | 1.2 | | | | |
| | 1.3 | | | | |
| Стратешка цел 2 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Подршка на учениците и афирмација на нивните постигања** | 2.1Подобрување на квалитетот на дополнителната и додатната настава | | √ | | Редовно се изработува распоред за дополнителна и додатна настава, се следи реалзиацијата на истата, но интересот и мотивацијата за посетување на дополнителна и додатна настава е мал. |
| | 2.2 Промовирање на здрави животни стилови преку проекти од интерен карактер и во соработка со други институции | √ | | | Училиштето организира воннаставни активности (секција Здраво живеење), Центарот за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | со цел подобрување и развивање на дополнителни вештини кај учениците. | | | | јавно здрвје секоја година во склоп на нивната програма за работа , одржуваме постојана сорабтка со Центарот за јавно здравје кој организира предавање на теми поврзани со здравјето, претсавници од МВР секоја година одржуваат превентивни презентации за заштита од зависности, безбедност во сообраќајот и слично, се води евиденција за примени вакцини и систематски прегледи. |

| Стратешка цел 3 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подобрување на искористеноста на ресурсите во училиштето** | Подобрување на условите за работа во училиштето. | √ | | | Генерално и во секој аспект бележиме напредок, а со тоа се подобруваат условите за работа во училиштето. |
| | Подобрување на инфраструктурата во централното и подрачните училишта. | | √ | | Извршени се голем број на инфраструктурни зафати и во централното и во подрачните училишта како: целосна реконструкција на тоалети во централното училиште, направен нов толет во училиштето во Братиндол, поставени нови подови во |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ходници, училници, целосна рекострукција на училниците за продолжен престој, второ одделение, кабинет по информатика. Со оглед на тоа што училишната зграда е доста стара бара голем број на инфраструктурни проекти. |
| Стратешка цел 4 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Унапредување на учењето и наставата** | Подобрување на квалитетот на наставата преку континуирано осовременување на наставниот процес со нагледни средства и помагала, како и | | √ | | Опремени се голем дел од кабинетите со нови нагледни средства потребни за соодветните предмети, недостасуваат смарт табли во |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | континуирано професионално усовршување на наставниот кадар. | | | | дел од училниците. Наставниците континуирано посетуваат обуки кои се организирани од страна на МОН и БРО, но поради вискои котизации меѓународни конференции и специјализиран и обуки не ни се достапни. |
| Стратешка цел 5 | Развојни цели | Целосно реализи рана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Создавање поволна училишна клима за работа во училиштето** | Подобрување на соработката помеѓу сите субјекти во образовниот процес, со цел создавање на поволна училишна клима за работа. | | √ | | Потребно е унапредување на тимската работа на наставниците, работата во стручните тимови која е делимично успешна бидејќи по одреден дел |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | од предметите имаме само по еден наставник |
| Стратешка цел 5 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Креирање и подобрување на училишните политики** | Интензивирање на соработката на училиштето со родителите преку нивните формални тела, но и преку неформални активности, обуки, презентации, работилници со цел подобрување на постигањата, поведението, дисциплината и редовноста на учениците. | | √ | | Потребно е да се зголеми бројот на родители кои ги посетуваат активностите кои ги организира училиштето. |
| | | | | | |

2. **Фактори што влијат на развојот на основното училиште (SWOT-анализа**)

***Врз основа на Самоевалвацијата спроведена во 2024 година (инегрална евалуација не е спроведена во училиштето последните 5 години) се утврдени силните и слабите страни во четирите приоритетни подрачја : планирање, настава и учење; постигања на учениците; училишна клима и односи во училиштето и управување и раководење. Од спроведената анализа произлегоа и приоитетите на кои преку оваа развојна програма ќе се насочиме и ќе работиме во периодот од четири години со што ќе ги постигнеме зацртаните цели кои не водат кон остварување на нашата визија.***

**SWOT-анализа**

| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
|---|---|
| ➢ Постои заемна соработка , размена на искуства и идеи на ниво на стручни активи.<br><br>➢ Сите наставници кои работат со ученици со ПОП , успешно соработуваат со Тимот за инклузија при изработка на ИОП/ Модифицирана<br><br>➢ Наставниот кадар користи разновидни техники и методи со кои ги препознава и води грижа за образовните потреби на секој ученик и нивните стилови на учење. За поефикасно решавање на проблемите со учењето на | ➢ Поголемо и навремено учество на наставниците на обуки, семинари, курсеви, проекти и дисеминација<br>➢ Учениците имаат потреба од поголем пристап при користење на различни материјали и ресурси за учење ,како и ИТ технологија (комјутери, смарт табли, печатачи) за да се овозможи интерактивна и истражувачка работа.<br>➢ Активно вклучување на сите ученици во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи). |

| | |
|---|---|
| учениците се водат индивидуални разговори со родителите;<br>➢ Наставниците имаат позитивен и професионален однос кон учениците и родителите<br>➢ Училиштето е безбедна и мотивирачка средина за учениците<br>➢ Советувањето на родители влијае на подобрување на успехот на учениците, бројот на родители и ученици кои исполнуваат услов да бидат повикани на советување поради слаб училишен успех се намалува.<br>➢ Училиштето има добра пракса за пофалување на постигнатиот успех на учениците , пропишана со Правилник за награди и пофалби на ученици<br>➢ имиџот на училиштето е на високо ниво<br>➢ училиштето добро се справува со дисциплината и поведението на учениците<br>➢ во училиштето се применува правилникот за изрекување педагошки мерки со кои се регулира поведението и изостанувањето на учениците<br>➢ вработените внимателно и авторитетно се справуваат со проблемите во однос на дисциплината и редовноста | ➢ Мал број на ученици посетуваат дополнителна и додатна настава<br>➢ 41‰ од учениците сметаат дека оценувањето е праведно<br>➢ делумно спроведување на механизмите и процедурите при прекршување на кодексот на однесување во дадени ситуации<br>➢ **недоволни активности за тимската работа во училиштето**<br>➢ недоволна вклученост на родителите при креирање и донесување на кодексот на однесување<br>➢ недоволно работилници на наставниците за запознавање на родителите со правата на децата<br>➢ недоволна вклученост на родителите на учениците со послаб успех<br>➢ недоволна вклученост на сите наставници во соработката со локалната заедница<br>➢ недоволно работилници на сите наставниците за превенција и заштита од пушење,алкохол и дрога<br>➢ **недостаток на организирана исхрана на сите ученици во рамките на училиштето**<br>➢ Училиштето го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на |

| | |
|---|---|
| ➢ во училиштето се почитуваат правата на децата и се заштитуваат во случај на нивно нарушување преку стручните тела на училиштето.<br>➢ родителите се добредојдени и одлично прифатени во училиштето како активни чинители во воспитно образовниот процес на учениците<br><br>➢ за учениците од социјално загрозени семсјства се води посебна грижа преку организации на бројни хуманитарни акции.<br><br>➢ Наставниците се информирани за резултатите што треба да се постигнат со Развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање.<br><br>➢ Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците.<br><br>➢ Финанасиското работење на училиштето е транспарентно за наставниот кадар, УО, родителите, како и за другите засегнати страни<br><br>➢ Родителите се задоволни од работата на наставниот кадар во училиштето кој е квалитетен и компетентен. | наставните и воннаставните активности според финансиските можности, но недоволно бидејќи секогаш може повеќе и подобро.<br><br>➢ Потреба од инфраструктурни зафати како реновирање на кров, фасада, спортско игралиште, училишниот двор, спортска сала како и подобрување на условите за работа во кабинетите. |

| | |
|---|---|
| | |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |
| ● Соработка со локалната средина и Општина Битола за добивање на средства потребни за реалзација на инфраструктурни проекти;<br>● Соработка со здруженија на граѓани во работа на заеднички проекти;<br>● Соработка со родителите и општествено одговорни компании за унапредување на воспитно- образовниот процес и работата на училиштето. | ● Спортските терени се во лоша состојба и се ризик фактор за учениците, сме имале и доста повреди на часовите по ФЗО;<br>● Во училиштето недостига ИТ опрема( комјутери, смарт табли, печатачи и сл.) за да се изведува интерактивна и истражувачка настава;<br>● Се зголемува бројот на ученици со посебни образовни потреби, а училиштето не поседува никаква асистивна технологија, сензорна соба и генерално просторот во училиштето не е прилагоден за ученици со посебни образовни потреби;<br>● Зголемен престој на учениците во училиште, без услови да се обезбеди храна за учениците . |

3. **Мисија и визија на основното училиште**

**Мисијата** - **Препознаваме и почитуваме дека секое дете е личност со различен потенцијал и посебна индивидуалност.**

**Овозможуваме еколошки чиста, безбедна, креативна и мотивирачка средина.**

**Демонстрираме љубезност, приостојност, одговорност и толеранција со позитивен пријателски пристап.**

**Визијата** - **Учениците секогаш ни се во центарот на вниманието.**

**Да ги оспособиме да поседуваат чесност, интегритет и праведност.**

**Да бидат без предрасуди и дискриминација, љубопитни за нови и применливи знаења со чувство на самодоверба и лична среќа.**

**Да покажуваат толеранција и почит за различностите и високо развиена еко свест.**

4. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| Поголемо учество на наставниците на обуки, семинари, курсеви, проекти и дисеминација | Потребата од континуирано профеионално усовршување и надоградување и клучна за успешно извршување на работните задачи, достапноста до адекватни обуки и можноста за професионална размена на добри практики и искуства е основа за спроведување на современи модели на настава. |

| | |
|---|---|
| Унапредување на успехот на учениците преку, дополнителна и додатна настава , како и зголемување на транспарентноста во оценувањето | Потребно е учениците да имаат јасна претстава кои се целите во наставата кои треба да ги постигнат, критериумите кои треба да се задоволат за секоја оцена, да стекнат увид во начинот на кој се формира оцената, да се мотивираат да посетуваат дополнителна и додатна настава за да унапредат нивните индивидуални постигања. |
| Унапредување на тимската работа во училиштето | Организирањето на целокупната работа преку стручните тела на училиштето овозможува сеопфатност во реализацијата на воспитно-образовниот процес. |
| Подобрување на инфраструктурата на училиштето | Дотрајаноста на училишната зграда, поради годината на изградба, бара постојани инфраструктурни зафати со цел да се задржи стандардот за изведување на квалитетна настава. |

5. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

**Од приоритети кон стратешки цели**

| **Приоритет/и** | **Стратешка цел** |
|---|---|
| Поголемо учество на наставниците на обуки, семинари, курсеви, проекти и дисеминација | **<u>Мотивирање на наставниците и стручните соработници во училиштето за континуирано стручно усовршување и поголема активност на учениците во наставниот процес</u>** |
| Унапредување на успехот на учениците преку, дополнителна и додатна настава , како и зголемување на транспарентноста во оценувањето | **<u>Подобрување на реализација на дополнителна и додатна настава и процесот на оценување</u>** |

| | |
|---|---|
| Унапредување на тимската работа во училиштето | **Подобрување на целокупното работење на училиштето преку тимската работа на наставниците** |
| Подобрување на инфраструктурата на училиштето | **Преземање на инфраструктурни зафати кои ќе придонесат за унапредување на условите за учење и работа во училиштето** |

**Од стратешки цели кон развојни цели**

| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
|---|---|
| Мотивирање на вработените во училиштето за континуирано стручно усовршување и поголема активност на учениците во наставниот процес | 1.1. Континуирано стручно усовршување на наставниот кадар и стручните соработници |
| | 1.2. Постигнување поголема активност на учениците на часовите по сите наставни предмети преку користење ИТ технологија (копмјутери, смарт табла, Печатачи, микробит) |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** |
| | 2.1 Подобрување на посетеноста на дополнителната и додатната настава |

| | |
|---|---|
| Подобрување на реализација на дополнителна и додатна настава и процесот на оценување | 2.2 Подобрување на транспарентноста во оценувањето, учениците да имаат увид во начинот на кој се формира оцената, како и критериумите и условите што треба да се исполнат за секоја оцена |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели |
| Подобрување на целокупното работење на училиштето преку тимската работа на наставниците. | 3.1Подобрување на тимската работа на стручните активи во предметна настава. |
| Стратешка цел 4 | Развојни цели |
| Преземање на инфраструктурни зафати кои ќе придонесат за унапредување на условите за учење и работа во училиштето | 4.1 Подобрување на реализација на наставата по ФЗО – реконструкција на спортското игралиште |

6. **Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето**

| |
|---|
| **Стратешка цел 1. Мотивирање на вработените во училиштето за континуирано стручно усовршување и поголема активност на учениците во наставниот процес** |
| **Развојна цел 1.1. Континуирано стручно усовршување на наставниот кадар и стручните соработници** |

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите | Инструменти/ извори на информации за следење на Индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Предавање и работилница- Важноста на стручно усовршување на наставниците и стручните соработници во училиштето | 38 наставници и 3 стручни соработници да се посетуваат обуки за стручно усовршување | Директор, ППС, наставници | 2024/2025 – предавање и работилница<br>2025/2026- предавање и работилница<br>2026/2027 - предавање и работилница<br>2027/2028- предавање и работилница | Просторни и материјално-технички услови за работа | Директор,настав ници, педагог, психолог | Списоци од спроведена обука |
| **Развојна цел 1.2. Постигнување поголема активност на учениците на часовите по сите наставни предмети, преку користење ИТ технологија (копмјутери, смарт табла,<br>Печатачи, микробит)** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности<br>Работилници, реализација на часови со примена на иновативни методи во наставата, користење на ИТ технологија за поголема активност на учениците на часовите | Индикатори за успех<br><br>Зголемување на активноста на учениците во наставниот процес, преку работа на самостојни истражувачки проекти | Носители на активностите<br><br>Директор, ППС, наставници | Временска рамка за имплементација<br>2024/2025 – часови и работилница<br>2025/2026- часови и работилница<br>2026/2027 - часови и работилница<br>2027/2028- часови и работилница | Потребни ресурси<br><br>Просторни и материјално-технички услови за работа | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите | Инструменти/ извори на информации за следење на Индикаторите<br>Списоци од спроведена обука<br>Набавка на нова ИТ технологија (компјутери, печатачи, смарт табла)<br>Изработени проекти од ученици |
| **<u>Стратешка цел 2. Подобрување на реализација на дополнителна и додатна настава и процесот на оценување</u>** | | | | | | |
| **Развојна цел 2.1. Да се подобри посетеноста на дополнителната и додатната настава** | | | | | | |
| Активности<br>Изработка на распоред за посета на додатна и дополнителна настава<br>Посета на часовите на додатна и дополнителна настава | Индикатори за успех<br>80 % од учениците упатени на дополнителна и додатна настава да ја посетуваат, постигнување на поголем | Носители на активностите<br><br>Директор, ППС, учениците преку Ученичкиот парламент, родителите преку Советот на родители | Временска рамка за имплементација<br><br>2024/2028 – посета на часови за додатна и дополнителна настава | Потребни ресурси<br><br>Просторни и материјално-технички услови за работа, инструмент за следење | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите<br>Директор, педагог, психолог | Инструменти/ извори на информации за следење на Индикаторите<br>Изработен и истакнат распоред<br>Записници од посета на час<br>Евиденција во дневник за присуство на дополнителна и додатна настава |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | успех на<br>учениците | | | | | |
| **Развојна цел 2.2. Да се подобри транспарентноста во оценувањето, учениците да имаат увид во начинот на кој се формира оцената, како и критериумите и условите што треба да се исполнат за секоја оцена** | | | | | | |
| Активности<br><br>Работилници, предавања, размена на искуства за процесот на оценување на учениците, посета на часови за оценување | Индикатори за успех<br><br>100% од наставниците од предметна настава оценувањето го прават пред учениците со соодветно образложение и насоки за подобрување на ученикот | Носители на активностите<br><br>Директор, ППС, наставници | Временска рамка за имплементација 2024/2028- воспоставување на практика за споделување со учениците кои се стандардите и критериумите за оценување | Потребни ресурси<br><br>Просторни и материјално-технички услови за работа | Тим за следење на реализацијата на активностите<br>Директор, ППС, наставници | Инструменти/ извори на информации за следење на Индикаторите<br>Изготвени соодветни планирања на оценувањето со<br>Конкретни изработени чек листи за оценување, во кои<br>Ќе имаат увид учениците. |
| **<u>Стратешка цел 3. Подобрување на целокупното работење на училиштето преку тимската работа на наставниците</u>** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| **Развојна цел 3.1.Подобрување на тимската работа на стручните активи во предметна настава** | | | | | | |
| Активности<br>Следење на реализацијата на програмите на тимовите во училиштето | Индикатори за успех<br>Постигнување на подобар успех на работа на стручните активи во предметна настава (минимум по една активност по стручен актив месечно) | Носители на активностите<br>Координатор на тимската работа<br><br>Директор, ППС, | Временска рамка за имплементација<br><br>2024/2028 – формирање на функционални тимови, остварливи акциски планови, следење и евалуација на тимската работа | Потребни ресурси<br><br>Просторни и материјално-технички услови за работа, инструмент за следење | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите<br>Директор, педагог, психолог | Инструменти/ извори на информации за следење на Индикаторите<br>Изготвени квалитетни програми и акциски планови за<br>Работа на стручните активи<br>Записници од одржани состаноци<br>Извештаи од реализирани активности |
| **Стратешка цел 4.** Преземање на инфраструктурни зафати кои ќе придонесат за унапредување на условите за учење и работа во училиштето | | | | | | |
| **Развојна цел 4.1.Подобрување на реализација на наставата по ФЗО – реконструкција на спортското игралиште** | | | | | | |

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на Индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Соработка со локалната самоуправа со цел обезбедување на средства за изградба на спортски терени | Постигнување на подобар квалитет на реализација на наставата по ФЗО | Наставници,директор, ППС, | 2025 год | Проект, обезбедување на финансиски средства од локалната самоуправа | Директор, педагог, психолог | Ново и функционално спортско игралиште |

7. **Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште**

1. Лилјана Николовска- директор
2. Теодора Трифуновска- стручен соработник
3. Васка Белокозовска- наставник по одделенска настава
4. Слободан Ристовски- наставник предметна настава
5. Марија Цветановска- наставник по одделенска настава- подрачно училиште
6. Билјана Гагачева – родител
7. Ана Печипајковска- ученик
8. Наташа Ташкова – претсавник на Општина Битола
9. Наталија Стојковска- претставник од Општина Битола

Дата Директор

---------------------------------- М.П. ----------------------------------------

Лилјана Николовска

Претседател на Училишен одбор

---------------------------------------------------

Елизабета Димеска